**Г Р А Д  С К О П Ј Е**

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | **Градоначалник на Град Скопје** |
| ИЗГОТВУВАЧ: | **Сектор за планирање и уредување на просторот** |
| ПРЕТСТАВНИК: | **Секретар на Град Скопје** |
| ПОВЕРЕНИК: | **Раководител на Сектор за планирање и уредување на просторот** |

**ПРЕДЛОГ - О Д Л У К А**
**за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Сарај за изработка на Проект за улично осветлување на патот Сарај-Глумово (од границата на ГУП до влезот на с. Глумово)**

Скопје, ноември 2022 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 и член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), Советот на Град Скопје на __________ седница, одржана на _______ 2022 година, донесе

# О Д Л У К А
## за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Сарај за изработка на Проект за улично осветлување на патот Сарај-Глумово (од границата на ГУП до влезот на с. Глумово)

### Член 1

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Сарај и се уредува начинот, условите и финансирањето и други прашања заради остварување на заедничка цел и интерес за финансиско учество на Градот за изработка на Проект за улично осветлување на патот Сарај-Глумово (од границата на ГУП до влезот на с. Глумово)

### Член 2

Проценетата вредност за реализација на изработката на проектот од членот 1 на оваа одлука, изнесува 300.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Градот Скопје во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со средства во висина од 300.000,00 од потставка ЈДА 482110.

Општина Сарај во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со мислење по однос на можните имотно-правни спорови.

Средствата од ставовите 1 и 2 на овој член ќе се користат исклучиво за намената од членот 1 на оваа Одлука, согласно важечките прописи со кои се уредува изведбата на ваков тип на објекти и прописите со кои се уредува изработката на проекти.

### Член 3

Градот Скопје за изработка на проектот за улично осветлување, ќе спроведе постапка согласно позитивните законски прописи.

Член 4

За реализација на оваа одлука Градоначалникот на Град Скопје ќе склучи договор со Градоначалникот на Општина Сарај, во форма и содржина пропишана во Законот за меѓуопштинска соработка.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број __________
________ 2022година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
Трајко Славески

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“број 36/02), утврдена е надлежноста на Советот. Согласно член 14 од законот, во вршење на своите надлежности, општините можат меѓусебно да соработуваат. Заради остварување на заедничките интереси и вршење на заедничките работи од надлежност на општините, тие можат да здружуваат средства и да формираат заеднички јавни служби, во согласност со закон. Согласно член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“број 79/09), одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка донесува секој од Советите на општините. Оттаму, поаѓајки од таквата можност, а аргументирана од страна на Градот Скопје и Општина Сарај, проектот во рамките на редовна стручна соработка го оценуваат како еден од заедничките приоритети.

Патот предмет на оваа меѓуопштинска соработка, кој се протега од границата на ГУП во општина Сарај до влезот на с. Глумово е сообраќајница на која нема поставено улично осветлување, а по истиот тековно се одвива сообраќај во двата правци. Поставувањето на улично осветлување е неопходно првенствено заради безбедност во сообраќајот како за жителите на општина Сарај, така и за сите кои поминуваат по истиот кон Комплексот Матка кој е еден од најзначајните дестинации од значење за Град Скопје.

Врз основа на проценка извршена од страна на стручни лица од Град Скопје констатирано е дека за изработка на Проектот за улично осветлување на патот Сарај-Глумово (од границата на ГУП до влезот на с. Глумово) потребни се 300.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Средствата потребни за реализација на оваа одлука, Град Скопје се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2022 година.

Врз основа на горенаведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Сарај за изработка на Проект за улично осветлување на патот Сарај-Глумово (од границата на ГУП до влезот на с. Глумово).